Број 15 Година XI

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА
# ОПШТИНА КАРПОШ

СКОПЈЕ

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош-Пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.13/2015), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

## РЕШЕНИЕ
**за објавување на Одлука за намера за реализација на проекти по пат на долгорочно домашно задолжување на Општина Карпош во рамки на вториот проект за подобрување на општинските услуги (MSIP 2)**

1. Се објавува Одлуката за намера за реализација на проекти по пат на долгорочно домашно задолжување на Општина Карпош во рамки на вториот проект за подобрување на општинските услуги (MSIP 2), донесена на педесет и осмата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 07 ноември 2016 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-9614/1**
**Датум: 07.11.2016 година**
**Скопје**

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 20 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09 и 47/11), член 4 од Законот за јавен долг („Службен весник РМ" бр 62/05, 88/08, 35/11 и 139/14) и член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр 5/02), Советот на Општина Карпош, на педесет и осмата седница, одржана на 07 ноември 2016 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за намера за реализација на проекти по пат на долгорочно домашно задолжување на Општина Карпош во рамки на вториот проект за подобрување на општинските услуги (MSIP 2)**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува намера за реализација на проекти по пат на долгорочно домашно задолжување на Општина Карпош, кое ќе се оствари преку потпишување на Договор за под-заем со Министерството за финансии, во рамките на средствата обезбедени со вториот проект за подобрување на општинските услуги MSIP 2, финансиран со заем од Меѓународната банка за обнова и развој-Светска банка, во висина до 40.000.000,00 денари, а со цел финансирање на капитален инвестициски проект - реконструкција на Јавна установа општинска детска градинка „Мајски цвет“ , објект Тафталиџе 1.

**Член 2**

Условите на задолжувањето ќе се утврдат по одобрувањето на проектите од страна на Министерството за финансии, а согласно условите наведени во јавниот повик.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош ”.

**Број: 09-9370/2**
**Датум: 07.11.2016 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**м-р Сашо Лазаровски, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош-Пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.13/2015), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

## РЕШЕНИЕ
**за објавување на Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Карпош за 2016 година**

1. Се објавува Одлуката за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Карпош за 2016 година, донесена на педесет и осмата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 07 ноември 2016 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-9614/2**
**Датум: 07.11.2016 година**
**Скопје**

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 32 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 33 од Законот за Буџети (Службен весник на РМ бр. 64/2005,/2008, 103/08, 156/09, 95/10,181/11, 171/12, 192/15 и 167/16), Советот на општина Карпош на педесет и осмата седница одржана на ден 07 ноември 2016 година донесе

# О Д Л У К А

## за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Карпош за 2016 година

### Член 1

Со оваа Одлука се врши измена на распоредот на средствата на Буџетот на општина Карпош за 2016 година на следниов начин:

| Потпрограма<br>Потставка | БУЏЕТ | САМОФИН. | ДОТАЦИИ | ДОНАЦИИ | КРЕДИТИ |
|---|---|---|---|---|---|
| **ЈЕО ИЗГРАДБА НА ПРОСТОР ЗА ПАРКИРАЊЕ** | | | | | |
| 482920 Изградба на други објекти | - 7.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **ЈАО ИЗГРДБА НА ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ** | | | | | |
| 482920 Изградба на други објекти | -2.500.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **Ј60 ОДРЖУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА , УЛИЦИ И РЕГУЛИРАЊЕ НА РЕЖИМ НА СООБРАЌАЈ** | | | | | |
| 424390 Одржување на автопати | 8.100.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **ЛОО СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА** | | | | | |
| 423990 Други матријали | 1.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 463120 Трансфери до спортски клубови | 8.500.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **ФА0 УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ КАПИТАЛНИ ТРОШОЦИ** | | | | | |
| 482920 Изградба на други објекти | -8.100.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **V10 ДЕТСКИ ГРАДИНКИ** | | | | | |
| 424210 Одржување на згради | 0 | -350.000 | 0 | 0 | 0 |
| 483120 Купување на училишен мебел | 0 | 350.000 | 0 | 0 | 0 |

### Член 2

Одлуката влегува во сила од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Карпош и станува составен дел на Буџетот на општината за 2016 година.

**Број: 09-9370/3**
**Датум: 07.11.2016 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**м-р Сашо Лазаровски, с.р.**

СОДРЖИНА

1. Одлука за намера за реализација на проекти по пат на долгорочно домашно задолжување на Општина Карпош во рамки на вториот проект за подобрување на општинските услуги (MSIP 2), со Решение за објава и
2. Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Карпош за 2016 година, со Решение за објава.

Издавач: Општина Карпош
Уредува: Сектор за правни работи
Адреса: ул.Радика бр.9, бараки бр.1 и бр.2
Тираж: 25 примероци